Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА одржана на 20 април 2012 година во Дојран


**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***



***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.........................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА.................................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО.........................................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ..............................................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ.....................................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН.......................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“................................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран.........................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран.........................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро..........................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот...............................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.........................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран........................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион.....................................................................................................147

**ДОЦ. Д-Р НАКО ТАШКОВ, М-Р ВЛАДАН АНДОНОВИЌ, ДОЦ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ИЛИЈА ЛАЗАРЕВСКИ**
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНФОРМАЦИОНО УПРАВУВАЧКИ СИСТЕМ ЗА ОПШТИНА ДОЈРАН..........155

**ДОЦ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ**,
ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА (ККК – „ПОЛИН“ – ПОЛИФУНКЦИОНАЛНА СОДРЖИНА НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА ДОЈРАН)..........161

**ДОЦ. Д-Р ДРАШКО АТАНАСОСКИ**
ВЛИЈАНИЕТО НА СООБРАЌАЈНАТА ПОВРЗАНОСТ ЗА РАСТ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН..........171

**М-Р ЛЕНЧЕ НАСЕВ**
КУЛТУРНИТЕ И МУЗИЧКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ КАКО ЗНАЧАЕН ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОТ ДОЈРАН..........185

**М-Р ДУШИЦА САНЕВА, М-Р СНЕЖАНА БАРДАРОВА, М-Р ГОРАН АНТОНИЕВСКИ**
ГАСТРОНОМСКАТА ПОНУДА КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН..........191

**М-Р НАТАША КОЛЕВСКА, ЈУЛИЈА НАКОВСКА**
ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОХОТЕЛИ ВО ДОЈРАН..........197

**М-Р КРИСТИНА КОВАЧЕВИЌ**
БИЗНИС ЕТИКАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ДОЛГОРОЧЕН РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион.................................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион...............................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион...............................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза..........................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион......................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ……………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Елизабета ЕФТИМОВА**
**Маја ДУКОВА**

# АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН

**Краток извадок**

Во овој труд е обработена темата за Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.

Во првиот дел се обработени географската положба и атрактивноста на Дојранскиот регион како можност за многубројни алтернативни форми на туризам.

Потоа се дава на важност вредноста на Дојранското езеро и можностите за развој на езерски, здравствен и риболовен туризам, како и многубројните активности кои можат да се обавуваат покрај езерото. Понатаму се дава осврт на условите кои ги има Дојранскиот регион за развој на спортски и рекреативен туризам, како и кон активностите кои придонесуваат за развој на културниот туризам како алтернативна форма на туризам во овој регион.

На крај се анализираат бројните настани во регионот кои можат да придонесат за развој на манифестационен туризам, и се даваат предлог решенија за сето тоа да биде реализирано.

**Клучни зборови:** географска положба, езеро, настани, решенија

**Abstract**

In this paper is processed the topic of alternative forms of tourism in Dojran region.

In the first part is elaborated the geographical location and attractiveness of Dojran region as an opportunity for a number of alternative forms of tourism.

Then we give important value of Dojran and opportunities for development of the lake, health tourism and fishing, as well as the numerous activities that can take place by the lake. Further we gave a look at the conditions that Dojran region has, for the development of sports and recreational tourism, as well as activities that contribute to the development of cultural tourism as an alternative form of tourism in this region.

Finally we analyze numerous events in the region, which may contribute to the development of event tourism and provide solutions for all proposals to be realized.

**Keywords:** geographic location, lake, events, solutions

## АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗАМ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН

Зафаќајќи го јужниот дел од Р. Македонија, на границата со Р. Грција, обиколен со планините Беласица, Круша и Карабалија Дојранскиот регион претставува туристички бисер за државата. Тоа значи дека регионот располага со поволна географска положба, а за тоа придонесуваат и климатските фактори. Топлите и суви лета и благите и влажни зими нудат можности за развој на туризмот претежно во летниот период, поради пријатната и поволна клима покрај Дојранското Езеро, меѓутоа тоа не значи дека овој регион не нуди можности за развој на туризмот и во зимскиот период. Напротив, регионот има што да понуди во секој период од годината.

Дојранското Езеро е од големо значење за овој регион поради тоа што нуди многу можности за развој на туризмот и привлекување на многубројни туристи. Тоа е еутрофно езеро заради големата продукција на органска материја. Застапеноста на фито и зоопланктонот го прават да биде поразличен од другите езера. Алгите кои ги има во ова езеро и кои цветаат во август, како и калта од езерото се одлична можност за развој на здравствен туризам во овој регион. Токму алгите и калта прават да биде езерото поразлично од останатите. Покрај тоа, туристите овде имат можност да обавуваат активности во вид на капење и сончање, но не смеат да бидат изоставени и прошетките покрај брегот, набљудување на изгревањето и заоѓањето на сонцето, крстарење со кајче наоколу и сл. Пожолтените лисја во есен како и замрзнато езеро во зима може да претставуваат инспирација за секој уметник и предизвик за остварување на уметнички дела.

***Здравствен туризам***

Дојранските алги и калта со своите лековити својства се алтернатива за развој на здравствен туризам. Дојранското Езеро е еутрофно езеро, богато со фито и зоопланктони. Синозелените алги се најмногу застапени со фитопланктон на езерото. Во август и во септември нивната маса е току голема, што целата површина на езерото е покриена со воден цвет.

Калта на Дојранското Езеро е лековита. Таа е особено корисна за лекување на мускулите и коските. Денес докажаните благопријатни својства на езерската кал врз некои кожни заболувања, болки во зглобовите, артритис, бронхитис и слично доаѓаат да ги ползуваат луѓето од 7 до 77 години. Во лековитите својства на калта можете да уживате и на новата плажа, покрај брегот која е направена од песок зеолит, кој е особено лековит за обнова на ноктите, коските и некои кожни заболувања.

Условите кои ги има Дојранското езеро за развој на здраствениот туризам се едни од предизвиците за остварување на целта- развој на здраствениот туризам. Лековитоста на алгите и калта треба да се искористи за привлекување на што е можно повеќе туристи. Можноста да се изградат хотели, пансиони кои во својата понуда за сместување и исхрана ќе вметнат и давање на здраствени услуги треба целосно да се искористи со тоа што слободните инвеститори ќе можат да вложуваат во развој на здраствениот туризам како дел од нивниот бизнис, а пак тоа ќе влијае врз тоа Дојран да стане атрактивна и посетувана дестинација каде што во овој алтернативен вид на туризам ќе може да се вклучи секој турист кој има здраствена потреба и желба.

***<u>Риболовен туризам</u>***

Уникатна селска и староседелска култура- можност за школа за традиционално рибарење прикажана преку оригиналноста и мудроста на Дојранчани.

Поради високата продукција на планктон, Дојранското Езеро изобилува со рибна биомаса и видови со најголема продукција на свежа вода во Европа. Рибната фауна во Дојранското Езеро е претставена со 15 видови, од кои еден е ендемски.

Дојранското Езеро е познато по традиционалниот начин на ловење риби со помош на птици во огради од трска, т.н. мандри. Рибарење со помош на птици корморани претставува зголемена можност за атракција и риболовен туризам. Локалните рибари пак, традиционално и единствено во светот, ловат риби користејќи огради од трска наречени “мандри” кои се наоѓаат на места каде расте трска и во кои рибите бегаат од птиците нуркачи. И денес можат да се видат наколните рибарски колиби што ги красат езерските води, па имате чувство дека тука времето запрело чувајќи ја сета посебност и убавина.

Од најстарите времиња, локалните жители ја користеле трската на најразлични начини, вклучително за рибарење. Големи количини на трска се користеле за правење на специјални стапици за риби, со различна форма, дизајн и големина (мандра, насека, фунта). Рибарите

притоа ловат водни птици, на кои им се сечат примарните перја и ги чуваат близу мандрите. Овие птици всушност се користат како гоничи на рибата во рибарските стапици. Ваквата стара техника за рибарење е многу ефикасна, бидејќи само од една мандра на ваков начин може да се уловат од 20 000 до 30 000 килограми риба.

Работењето со мандрите има долг процес кој трае околу 6 месеци и започнува во октомври а завршува при крајот на март следната година. Со таквиот начин на риболов се ловат следните видови на риба: бела риба (црвеноперка и машкудан) и белвица, а многу послабо се ловат гуцарот, перкијата и карашот.

Традиционалниот начин на рибарење со кормораните и мандрите претставува можност која што треба да се искористи за развој на риболовниот туризам. Обновувањето на оваа стара техника за ловење на риби би претставувала голема атракција за домашните и странски туристи. Како начин на кој би можела да се имплементира оваа идеја би било отварање на школо за рибарење во близина на ererото. Ова школо за рибарење би го предводеле граѓаните, односно домицилното население кои ја знаат оваа техника на рибањење и ќе им овозможат на туристите кои сакаат да се вклучат во риболовниот туризам да ги научат на оваа техника или пак само да ја видат како еден вид атрактивност, уникатност во Дојранскиот регион.

Концентрација на повеќе атрактивности на мал простор помага за зголемување на тристичката вредност. Крапот, езерската кал и мандрите се неповторлива оригиналност што можат да се уживаат во Дојран.

***<u>Спортско – рекреативен туризам</u>***

Дојран има свои адути и за развој на алтернативен туризам, кој во светски рамки е хит. Дојранскиот регион има поволни услови за развој на спортскиот или рекреативниот туризам. Како опции за развој на овој вид туризам би биле:

- ✓ Изнајмување на велосипеди на туристите за обавување на велосипедизам по патеката покрај езерото
- ✓ Едрење по Дојранското езеро
- ✓ Организирање на натпревари во одбојка на плажите, со што би се рекреирале туристите и би се вклучиле во туристичките активности на овој вид туризам
- ✓ Изнајмување на опрема за параглајдерство, со што љубителите на овој вид спорт би уживале во убавините на Дојран
- ✓ Државно првенство во триатлон уште една причина за посета на ова место
- ✓ Пешачење по новоизградената патека покрај брегот на езерото

***Културен туризам***

Дојран најдобро би се промовирал преку презентација на неговото културно наследство, бидејќи тоа е заеднички содржател на битот на еден народ, на неговиот идентитет, духовен и уметнички дострел во своето цивилизациско опстојување.

"Се тече се се менува". Така и во Дојран времето оставило многу траги од минатото. Постојано бил граден, разрушуван, пален па повторно обновуван. Поробуван во повеќе наврати и од разни поробувачи. Сето тоа придонело во Дојран да се изградат градби (Цркви, чешми, бањи, саат – кули, училишта и др.) од различни култури и народи. За таквата богата историја на градот Дојран денес ни зборуваат остатоците од повеќе културно-историски споменици кој можат да се видат во Дојран.

Езерски музеј на Дојран, сместен во просториите на локалната самоуправа, со колекција од растителниот и животинскиот свет од Дојранското Езеро. Претставен е карактеристичниот начин на лов на риби, а направена е и карактеристична рибарска колиба.

На самиот влез во Стар Дојран се издига каменото ридче, на чив врв гордо и исправено стојат урнатините на црквата Св. Илија. Уште од далеку со својата раскошна градба го тера патникот да размислува за неа, па и за градот Дојран. Изградена во 1848 година. Со доброволни прилози од дојранските верници.

Градска Саат – Кула – Точната година кога е изградена не се знае. По народните кажувања таа е изградена во 14 век и тоа во првите години по освојувањето на градот од страна на Турците во 1372 година. Се претпоставува дека освојувачите предводени од полковникот Евренос – бег, имаат поминато преку замрзнатото езеро кое било покриено со снег без да знаат дека е езеро. Впрочем таква легенда живее помеѓу дојранчани. Кога аскерите влегле во градот, населението останало изненадено од тоа како не се издавиле, а и пашата по веста дека војската минала преку заледеното езеро бил зачуден. Во чест на спасувањето на војската од сигурна смрт и освојувањето на Дојран, Евренос – бег ја изградил Саат-кулата. Така била наречена бидејки на неа бил поставен саат од народот. Таа била висока околу 10 метри и со својата височина доминирала во околината. На врвот од кулата саатот бил доста голем и отчукувал од 1 до 12 пати, односно толку колку што е времето. Часовникот сите граѓани ги известувал за времето, трговците и занаетчиите за отварање и затварање на дуќаните, рибарите за одење на мандрите, а посебно им служел на Турците за соопштување на времето за молитва.

Градска Бања – Амам – На 100 метри југозападно од денешниот хотел "Јака" се наоѓаат рушевините на единствената бања во градот Дојран, позната како "Амам" – турски збор што значи бања.

Споменикот Дојрана е подигнат на кејот на Дојранското Езеро и на него е претставена убавата мома Дојрана, според која градот го добил своето име.

***Културниот туризам*** во Дојранскиот регион би се актуелизирал преку следниве активности:

- ✓ *Организирани посети на Саат Кулата изградена во чест на турскиот бег Евренос, на црквата на Светите Григориј Палама и Максим Исповедник во Стар Дојран , црквата на Преподобна Параскева во Стар Дојран*
- ✓ *Посети со туристички водич на остатоците од единствената бања „Амам“ во Дојран*
- ✓ *Посета и фотографирање пред споменикот Дојрана на кејот на Дојранското езеро*
- ✓ *Разглед и описи на остатоците од Солунскиот фронт во Дојран*
- ✓ *Посета на водениот музеј сместен во просториите на локалната самоуправа*

**Манифестационен туризам**

Туристичките вредности на Дојранскиот регион може да бидат промовирани преку бројните манифестации кои се одржуваат во текот на годината, а нив ги има многу. При тоа се нуди можност да се развие манифестационен туризам како алтернативна форма на туризам во регионот, при што ќе биде вклучена хетерогена клиентела.

При тоа, манифестации кои се одржуваат во овој регион се:

**"Дојрански ракувања"-** во духот на пишаниот збор, збогатуван од година во година. Тоа е прекрасна можност за љубителите на убавиот збор да учествуваат било како набљудувачи, било како директни учесници во настанот. При тоа, во склоп на овој настан, се организира и карневалска забава на плоштадот во Дојран што претставува прекрасна атракција.

**Музички "Д" фестивал-** Израснат од идејата за уникатен open-air музички хепенинг нуди алтернатива за згаснување на жедта за квалитетен летен фестивал и тоа на автентичното дојранско крајбрежје. Музичката шареноликост, која во себе ја содржи е одличен предизвик за љубителите на музиката, а тоа значи дека е можност Дојран да биде посетен од огромен број посетители.

**Гимкана мото-натпревар во Дојран-** е уште еден настан, овој пат за љубителите на висок адреналин. Традиционално организирање на овој настан е уште една можност за зголемена посетеност на регионот.

**Девет часовен музички фестивал „Од самрак до зори“-** за љубителите на културно забавна македонска музика.

**Гастрономска изложба „Дојранска автентика“-** за љубителите на традиционалната храна е уште една алтернатива за развој на манифестационен туризам.

**Фестивалот на смоквата** е исто така настан кој би бил посетуван.

**Предлог решенија**

За потполен развој и афирмација на алтернативниот туризам, би помогнале и туристичките организации и претпријатија од типот на: хотелиери, угостители, туристички оператори и туристички агенции. Доколку наведените туристички организации ја извршуваат својата работа со висока доза на професионализам и би ја усогласиле својата понуда со желбите и потребите на туристите, тогаш нивната цел ќе биде исполнета, а нивната цел како и целта на секое претпријатие без разлика дали тоа е земјоделско, трговско, туристичко претпријатие итн е зголемен профит.

За да се потикне развојот на алтернативниот туризам во Дојран, хотелиерите треба да се залагаат да ги анимираат туристите, да вклучат во своите понуди и анимациски програми со разновидни активности од областа на повеќе видови на туризам. Ваквите програми може да се реализираат преку:

-одржување мис во хотелите
-натпревари на плажа
-формирање игротеки и занимални за деца
-одржување театарски претстави на плажа.

За сето ова да биде изводливо потребни се и зголемени ефекти од областа на промотивните активноти. Туристичките агенции би можеле да помогнат во промоцијата на Дојран преку:

- Делење на бесплатни купони за некои манифестации
- Гратис влезници во музеи
- Бесплатно ноќевање во хотел со вклучени анимациски програми
- Делење флаери за промоција на Дојран и др.

**РЕЗИМЕ**

Од сето горенаведено, очигледно е дека Дојранскиот регион е област која го привлекува сечие внимание и нуди можности за исполнување на многубројни желби на туристите. Располагајќи со природните убавини, прекрасната географска положба, благопријатната клима, многубројните манифестации, како и културно историските знаменитости се карактеристики на регионот со кои може да се развијат алтернативни форми на туризам.

Дојранскиот регион не претставува само Дојранското Езеро, туку тоа е област која плени со многу можности и алтернативи.

Потребна е реализација и потребно е да не се изостават можностите кои ги нуди природата и историјата, како и она што човекот се труди да го направи. Дојранскиот регион во себе има и треба да го искористи капацитетот кој може да привлече туристи  ида ја зголеми посетеноста на истиот.

**Користена литература**

1. http://www.apartmanidan-dar.com.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2&Itemid=2&lang=mk
2. http://www.makedonskibiser.com.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=603%3A2009-11-06-17-08-32&catid=139%3A2009-08-26-13-19-34&Itemid=400&lang=mk
3. http://www.kralemarko.org.mk/default-mk.asp?ItemID=332A9D7420D55E4AB666B4473E17127E
4. http://my.opera.com/ancientmacedonia/blog/show.dml/1224936
5. http://www.zmurh.hr/2012/04/08/dojransko-jezero-spomenik-prirode/?lang=mk
6. http://www.dojran-info.com/index.php?option=com_content&view=article&id=33&Itemid=36&lang=mk
7. http://popara.mk/2011/patuvanja/vikend/dojran-i-dojranskoto-ezero/